**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

| | | |
|---|---|---|
| Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: | ИТ-04-82-А |
| | Датум: | 30. јули 2008 |
| | Оригинал: | англиски |

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕЃУНАРОДНИОТ СУД**

**Судии:** **Судија Фаусто Покар, Претседавач**

**Секретар:** **г. Ханс Холтхуис**

**Датум на поднесување:** **30. јули 2008**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОВСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

*ЈАВНО*

# НАЛОГ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СУДИИ ЗА ПРЕДМЕТ ПРЕД ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ И НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПРЕД-ЖАЛБЕН СУДИЈА

**Канцеларијата на Обвинителот:**

г. Дан Саксон
г-ѓа Герар Добин
г-ѓа Ниша Валбхји
г-ѓа Мерител Реги

**Одбрана:**

г-ѓа Едина Решидовиќ и г. Гуенел Метро за Љубе Бошкоски
г. Антонио Апостолски за Јохан Тарчуловски

**ЈАС, ФАУСТО ПОКЕР,** Претседател на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на Меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија од 1991 година („Меѓународен суд");

**ИМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД** Пресудата по овој предмет донесена од Судскиот совет II на 10. јули 2008;

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** „Поднесокот од Тарчуловски за продолжување на рокот за поднесување на Најавата за жалба", поднесен на 22. јули 2008, со којшто Одбраната на Тарчуловски бара Жалбениот совет да им одобри продолжување од еден месец за поднесување на Најавата за жалба;

**ЗЕМАЈЌИ ГИ ПРЕДВИД** член 12(3), 14(3) и 25 од Статутот на Меѓународниот суд и правило 108 од Правилникот за постапка и докази на Меѓународниот суд (понатаму во текстот: Правилник);

**ЗЕМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** составот на Жалбениот совет на Меѓународниот суд изложен во документот ИТ/245 издаден на 12. мај 2006;

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека во согласност со член 14(2) од Статутот на Меѓународниот суд јас сум претседавач на сите жалбени постапки во кои учествувам;

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека според правило 65*ter* и 107 од Правилникот, како судија претседавач, јас треба да назначувам пред-жалбен судија одговорен за пред-жалбената постапка во овој предмет;

**СО ОВА** се назначувам себеси за пред-жалбен судија; и

**СО ОВА НАЛОЖУВАМ** дека Жалбениот совет во *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, предмет бр. ИТ-04-82-А, ќе го сочинуваат:

Судија Фаусто Покар, Претседавач

Судија Мохамед Шахабудеен

Судија Андресиа Ваз;

Судија Лиу Дакун

Судија Теодор Мерон

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

(своерачен потпис на оригиналот)

**Судија Фаусто Покар**

Датирано од 30. јули 2008,

Во Хаг

Холандија

**[Печат на Меѓународниот суд]**